A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ
УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

# Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 18.10.2019

На 17.10.2019 во 19.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода М.К.(23) од Куманово, затоа што при извршен преглед кај неа била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.10.2019 во 23.30 часот полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Јане Сандански“ го лишиле од слобода К.И.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.10.2019 во 18.45 часот на Граничен премин „Деве Баир“ од слобода бил приведен С.А.(40) од Р.Турција, кој управувал товарно моторно возило „волво“, со турски национални ознаки, и кој при контрола приложил фалсификувана меѓународна зелена карта. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 17.10.2019 во 12.16 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека во Медицински центар Гостивар со тешки телесни повреди бил донесен Ф.И.(43) од с.Градец. Според пријавеното, тој се повредил додека извршувал градежни работи на куќа на ул.„ЈНА“ во Гостивар. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар и инспектор за труд и заштита при работа. Се работи на расчистување на случајот.

Во текот на 17.10.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **22** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **42** возачи, од кои: **осум** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **27** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **седум** возачи-почетници, кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **12** возила, од кои **едно** возило бидејќи било технички неисправно и **11** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **10** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **двајца** возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, **три** возачи поради неправилно престројување, **четири** возачи поради неправилно престигнување, **три** возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, **еден** возач поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **11** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се **двајца** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се **98** мандатни платни налози и **97** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 17.10.2019 во 22.45 часот во Полициската станица Аеродром, Д.А.(45) од Скопје пријавил дека на улица „Владимир Комаров“ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 17.10.2019 во 16.00 часот на крстосница од ул.„Кеј 19-ти Септември“ со ул.„,Борка Спиркоски“ во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед „томос“, со прилепски регистарски ознаки, управуван од С.К.(52) од Прилеп, и патничко возило „рено меган“, со скопски регистарски ознаки, управувано од С.С.(32) од Прилеп. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Општата болница Прилеп за

укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

Во периодот од 09.00 до 12.00 часот и од 18.00 до 20.00 часот на 17.10.2019 на територијата на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени **32** прекршоци, од кои **17** во Велес, **два** во Кавадарци и **13** во Неготино. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 17.10.2019 во 10.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.Л.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Борис Сарафов" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против А.Б.(57) од с.Смојмирово, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност". На 03.09.2019 во атар на с.Мачево, беровско, на место викано „Крвавељ", пријавениот фрлил отпушок од цигара, при што предизвикал пожар, во кој биле зафатени 20 хектари трева и шест хектари дабова и борова шума, со што нанел штета од 3.752.209 денари.

На 17.10.2019 во 15.45 часот во гостиварското село Форино, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода С.Б.(38) од Добридол, Е.С.(18) од Дебреше, Ф.А.(18) од Чегране, гостиварско, како и С.С.(25) од Гостивар, затоа што при нивен и преглед на возило „цитроен саксо", со гостиварски регистарски ознаки, во кое се наоѓале, била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

Полициски службеници од СВР Битола на 17.10.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **10** возачи управувале возило без возачка дозвола, **седум** возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале **19** возачи, **шест** возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило, а под дејство на алкохол биле **три** возачи и тие биле исклучени од сообраќај. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 17.10.2019 во 11.45 часот во СВР Скопје пронајден е С.М.(21) од Скопје, за кој на 13.10.2019 во 10.45 часот во Полициска станица Аеродром беше пријавено дека се оддалечил од местото на живеење.

На 17.10.2019 околу 16.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во болница „Аџибадем Систина" со тешки телесни повреди бил донесен Х.Л.(38) од Р.Албанија. Според пријавеното, тој се повредил додека извршувал работни задачи на градилиште на ул.,,Македонија'' во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.М.(26) од Куманово и Друштво за производство, трговија и услуги ДПТУ „Сервис Милевски"

Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама". Во периодот од септември 2017 до јуни 2018 првопријавениот, како сопственик и управител на второправното лице, од непознати лица набавил осум патнички возила, претходно набавени од странство, за кои не биле платени царинските увозни давачки. По ова, тој од наведените возила ги раздвоил моторите од шасиите и шасиите ги продал на сопственик на авто-отпад во Куманово.

На 17.10.2019 околу 08.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автосервис на ул.„Скупи" се самозапалило патничко возило „хјундаи И20" со скопски регистарски ознаки, сопственост на фирма од Скопје. Возилото било целосно опожарено, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 17.10.2019 во 16.22 часот во СВР Скопје, З.К.(61) од Скопје пријавил дека на крстосница помеѓу булевар „Гоце Делчев'' со ул.„Филип Втори Македонски'' бил физички нападнат од Б.И.(32) и Р.Н.(34), двајцата од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 17.10.2019 околу 11.00 часот во СВР Скопје, директорот на Конзерваторски Центар - Скопје пријавил дека непознат сторител извршил оштетување на Аквадуктот, кој е дел од културно наследство, при што биле оштетени 10 потпорни носечки столбови. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Д.(21) и М.С.(22), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 14.10.2019 во Тетово, пријавените физички ги нападнале С.И.(19) и 17-годишен малолетник, двајцата од Тетово, и им одзеле пари и мобилен телефон. Истиот ден, при нивно лишување од слобода, тие давале отпор и се обиделе физички да ги нападнат полициските службеници.

На 17.10.2019 околу 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски'' со тешки телесни повреди бил донесен А.Т.(45) од Скопје. Според пријавеното, тој се повредил додека работел со рачен вилушкар во фабрика каде бил вработен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.И.(39) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производствои пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 27.02.2019 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 17.10.2019 околу 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на ул.„Петар Поп Арсов", при што биле зафатени

уште неколку станови. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.
На 18.10.2019 околу 00.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Благоја Стефковски" едно лице упатило закана со пиштол кон вработената, но не одзело ништо, по што заминало. Се работи на расчистување на случајот.

Полициската станица Кичево поднесе кривична пријава против А.Х.(24) и Н.Х.(18), двајцата од кичевското село Жубрино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавените во периодот мај-септември 2019 година, на сопствена катарстарска парцела на булевар „Ослободување" во Кичево, неовластено, спротивно на Законот за градба и на правосилното решение за градење издадено од општина Кичево, изградиле надградба на станбен објект.

На 17.10.2019 околу 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во гаража на ул.„Робеспјерова", при што биле зафатени и две куќи. Повредени лица нема, а екипи на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.10.2019 во 03.36 часот, Ј.А.Б.С.(45) од Шпанија пријавил дека на 17.10.2019 околу 22.30 часот во хол на хотел на ул.„Максим Горки", едно лице со закана му одзело 5000 евра. Според пријавеното, претходно тие имале расправија во врска со усмен договор за лов низ РС Македонија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.10.2019 во 11.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски'' со повреди бил донесен А.Д.(57) од с.Јурумлери, скопско. Според пријавеното, тој се повредил при работа на објект во изградба на бул.„Јане Сандански''. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.10.2019 во 09.04 часот на ул.„Македонска" во Битола, товарно возило „форд транзит",со битолски регистарски ознаки, управувано од З.П.(46), удрило во пешакот Н.Д.(67) од Битола. Во незгодата, Н.Д. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 18.10.2019 во 01.12 часот во Полициското одделение Петровец било пријавено дека на локалниот пат с.Петровец кон с.Дрма, кај патоказните табли за влез во општина Петровец, имало паркирано патничко возило „дачија", со скопски регистарски ознаки, и во него имало лице кое не било при свест. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство и било утврдено дека се работи за лицето Д.Л.(64) од Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 18.10.2019 околу 05.20 часот на железнички премин на ул„Леце Котески" во Прилеп, патнички воз удрил во патничко возило „ауди", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Ј.М.(60) од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле сопатничките К.Н.(53) и С.Р. од Прилеп, додека со телесни повреди се здобил возачот Ј.М. и сопатничката Д.М.(50) од Велес. Тие биле пренесени во болницата во Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Прилеп и Јавен обвинител.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)